**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**

CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 18 – 1/2008
Загреб, 16. 02. 2008.

# З А П И С Н И К

од **16. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **16.02.2008. година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Дуноски – Риека, Зоран Петровски – Пула и Н. Гроздановски – Загреб.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, Огнен Бојациски, член на РО на „М. глас" и О. Ламбевски – Загреб.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го претстави новиот претс. на МКД „Кочо Рацин„ од Пула, Зоран Петровски и му посака добра и успешна работа, а потоа го прочита дн. ред за истата. По расправата за редоследот на точките од предложениот дн. ред (Б. Штерјов бараше да се заменат точките 3. и 5.), членовите на УО со јавно гласање **со 6 гласови за и 1 против го усвоија** новиот редослед, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 15-та седница и од вонредниот состанок на УО од 04.11.2007.;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2008.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Договор за доделувањето на користење на малата соба (до собата за состаноци) во просториите на Заедницата, на барањата од МКД „Охридски бисер„ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за нивните административни потреби и усвојување на донесените одлуки;
4. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2007. godine" со трошковниците;

6. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на изборното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
7. Предлог за избор за член на Советот за национални малцинства на РХ;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 15. седница. За записникот од вонредниот состанок на УО на Заедницата од 04.11.2007. беше дадена примедба дека во него не се наведени сите гости кои беа присутни, па членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** со тоа дополнување (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше припремен и предаден од страна на сите друштва и од Заедницата (прилог). Претс. А. Митревски рече дека Друштвото од Сплит планира на 24 февруари полагање на венци на споменикот каде загина претс.на РМ, Б. Трајковски, а на крајот на март „Денови на македонскиот филм„. М. Мајиќ рече дека во март во Задар се планира култ. маниф. „Изложба на списанија и книги во издаваштво на Заедницата„ и дека за таа маниф. треба да се припреми по еден примерок од книгите и „Мак. глас„. Н. Гроздановски рече дека се чувствува недостаток на организирање трибини и дека би требало да им се посвети повеќе внимание. За тоа се даде предлог да се организира трибина на тема „Каде оди Македонија„ (за моменталната политичка ситуација во РМ) до летото 2008. О. Бојаџиски даде предлог за организирање трибина и изложба на тема „100 г. од раѓањето на Кочо Рацин„ како и одбележување на печатењето на весникот „Македонија„ во 1898 г. во Загреб. Би било добро да се направи и води календар на настани. Исто така, треба да се подобри соработката со Хрватите од Македонија и во догледно време да се проба да се договорат заеднички проекти. А. Митревски рече дека меѓудржавната Спогодба за правата на националните малцинства меѓу РМ и РХ која беше потпишана во Сплит се ратфицира во Македонија и се чека уште да се ратифицира и во Хрватска за да биде озаконета. Во врска со Информаторите, Ј. Цветичанин рече дека треба на седниците во иднина да се прави нивно кратко резиме. Понудите за организирањето на овогодишниот Летен камп од друштвата се очекуваат да пристигнат најкасно до 01. мај, а за овогодишниот настап на 11. маниф. „Културно творештво на нац. малцинства во РХ„ во Лисински, да се припремат предлози од друштвата веќе за идната седница на УО.

**Ад. 3.** За оваа точка се поведе дискусија во која Б. Штерјов ги образложи потребите на Друштвото за користење на малата соба. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** малата соба (до собата за состаноци) да се даде на заедничко користење на МКД „Охридски бисер„ и на МПЦО „Св. З. Мегленска„ за нивните административни потреби. Претс. А. Митревски рече дека доколку ќе дозволат финансиските средства, оваа година треба да се издвои еден дел и за реновирање и уредување на внатрешноста на просториите на Заедницата, како и за замена на дотраениот инвентар.

**Ад. 4.** Е. Петровска во кратки црти ги запозна присутните со спроведената инвентура на имовинската состојба на Заедницата од страна на инвентурната комисија (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Усвоен е записникот од состанокот на инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на дел од имовината од „Порцуланка – промет„ која не е веќе за употреба (прилог бр. 4.);
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на принтерот “Epson stylus C46“ (прилог бр. 5.).

**Ад. 5.** За годишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2007. godine“ за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и на време предаден до Советот (прилог) заедно со Извештаите на друштвата, со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** заедно со трошковниците. Со тоа се дојде до заклучок дека и минатата година беше солвентно завршена благодарејќи на рационалното и економично работење на Заедницата и друштвата.

**Ад. 6.** За одржувањето на седницата на редовното Собрание на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Седницата на изборното Собрание на Заедницата да се одржи на 12.04.2008. година во Сплит;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и припремат Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата за 2007 година;
- Да се замоли Михаило Давчевски за Собранието да припреми предлог на Деловникот за начинот на работата на Собранието на Заедницата;
- Сите друштва да достават до Заедницата список на свои именувани делегати за Собранието.

**Ад. 7.** Предлогот за член на Советот за национални малцинства на РХ кој ќе биде поддржан на ниво на Заедницата во Советот, го изнесоа сите членови на УО. Предложени се претс. А. Митревски, потпретс. Н. Гроздановски и А. Оџаклиески (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **со 5 гласови за и 2 против донесоа одлука** Заедницата да го поддржи и предложи Ангел Митревски за член на Советот за национални малцинства на РХ.

**Ад. 8.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Во врска со писмената оставка на М. Паризоски од членството на РО на „М. глас„ пратена до УО на Заедницата, да се одржи состанок на РО со гл. уредничка и претс. на Заедницата најкасно до 15 март и да се решат сите спорни прашања врзани за финансиските издатоци и содржината на списанието и соработката на колегиумот (прилог);
- Се даруваат по 20 примероци од книгата „Препознавања„ од Г. Калоѓера на друштвата;
- Се даруваат 300 примероци од најновата книга „Гужва на гранка„ на авторката Н. Ламбевска (прилог), и по 40 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 30,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 60,00 кн.;
- Почнувајќи од 01.01.2008. година, се зголемува хонорарот за сметководствени и книговодствени услуги за Заедницата, од досегашните 700,00 кн. на 800,00 кн. месечно;
- Се одобрува Заедницата да му помогне на МКД „Илинден„ од Риека со паричен износ од 1.500,00 кн. поради преголемите трошоци за манифестацијата „Илинден 2007.„;
- Се задолжува О. Ламбевски како одговорно лице во името на Заедницата, за организација и учество на фудбалската екипа од Заедницата на Светското фудбалско првенство на Македонците од светот под наслов „Корени„ што ќе се одржи во Охрид, РМ од 31.07.-07.08.2008. година;
- Се задолжува И. Дуноски што побрзо да ја реши со И. Христодулов сметката од 23.05.2003. година (ресторан „Обртнички дом„ на износ од 1.787,00 кн.), која била

направена од страна на Заедницата, а сеуште не е платена, како и сметката од администрацијата на „Хрватски шуми„ за маниф. „Илинден 2006.„ во вкупен износ од 3.000,00 кн. која сеуште пристигнува на Заедницата во облик на незатворен конто.

На крајот, Е. Петровска на сите друштва им подари по една книга „Мојата татковина Македонија„ подарок од Координативното тело за иселеништво на МНР на РМ, а Ј. Цветичанин од Друштвото од Осиек им подари по една книга „Национални малцинства во Осиек„. По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 18.00 часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ